# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

06 април 2022 | Излегува по потреба | Година XVII | број 4



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТНА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ "ГАЗИ БАБА", ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/1**
**Од 06.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и "Службен весник на РСМ" бр.294/21), член 36 став (1) точка 13 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2021 година, бр.08-1315/1 од 09.03.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ "ГАЗИ БАБА", ЗА ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД 2021 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2021 година, бр.08-1315/1 од 09.03.2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - ЕВР "Гази Баба" - Полициска станица од општа надлежност "Гази Баба" и Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1873/3**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/2**
**Од 06.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 109 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

## С Т А Т У Т А Р Н А  О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Глава "II ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА", точка 3. Посебни тела на општината, поттотчка "в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот", во член 43 став (2) бројот "9" се заменува со зборот и бројот "најмалку 5".

**Член 2**

Во член 44 став (2) алинеја 1 се брише.

Алинеите 2, 3, 4 и 5 стануваат алинеи 1, 2, 3 и 4.

**Член 3**

Во глава "II ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА" потточка "г) Локален младински совет на Општина Гази Баба", членовите "46-а", "46-б", "46-в", "46-г", "46-д", "46-ѓ" и "46-е", се менуваат и гласат:

"Член 46-а

Општина Гази Баба формира Локален младински совет.

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младински прашања и политики.

Под категорија млади се подразбираат жители на Општина Гази Баба на возраст од 15-29 години.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- Иницираат предлагање на точки на дневен ред на Советот на Општина Гази Баба, за прашања кои ги засегаат младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на Општина Гази Баба,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до Општина Гази Баба за прашања кои се однесуваат на младите, и
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Бројот на членови на локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на советот на општината, но не може да биде помалку од пет лица.

Членовите на локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

## Локално собрание на млади

Член 46-б

Советот на Општина Гази Баба донесува одлука за распишување јавен повик за свикување иницијативен одбор за конституирање на локално собрание на млади на Општина Гази Баба.

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор составен од формите наведени во ставот (5) на овој член.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на Општина Гази Баба, по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

Во локалното собрание на млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување од ставот (5) на овој член не мора да бидат регистрирани во Општина Гази Баба, но мора да имаат активности на територијата на Општина Гази Баба, во чие што локалното собрание на млади членуваат.

Формите на организирање кои членуваат во годишното локално собрание за млади номинираат делегат и заменик - делегат.

Делегатот и заменик - делегатот од ставот (6) на овој член се жители на Општина Гази Баба на возраст од 15 до 29 години.

## Избор на членови на локален младински совет

Член 46-в

Собранието на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет.

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Општина Гази Баба.

Локалното собрание на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Советот на Општина Гази Баба донесува Одлука за верификација на членовите на локалниот младински совет на Општина Гази Баба, по претходно уредно доставена одлука за избор на членови од страна на локалното собрание на млади на Општина Гази Баба.

Од редот на избраните и верификувани членови, локалниот младински совет на Општина Гази Баба избира претседател и заменик претседател.

## Локална стратегија за млади и Акциски план за реализација

Член 46-г

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија за млади е во согласност со Националната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на Локалната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на Општина Гази Баба, за период од пет години.

Локалната стратегија за млади ја предлага Градоначалникот на Општина Гази Баба а ја изготвува општинската администрација преку надлежниот сектор во соработка со локалниот младински совет низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес.

Акцискиот план за реализација на локалната стратегија за млади ја донесува Советот на Општина Гази Баба, по претходно донесена локална стратегија за млади и истиот може да се однесува за период од една до три години и задолжително содржи и финансиска конструкција односно буџет за реализација за предвидениот период.

Акцискиот план за реализација на локалната стратегија за млади ја предлага Градоначалникот на Општина Гази Баба а ја изготвува општинската администрација преку надлежниот сектор во соработка со локалниот младински совет низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес

**Канцеларија за млади**

Член 46-д

Општина Гази Баба формира Канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во Општина Гази Баба и претставува основна точка за пристап на младите на локално ниво.

**Младински центар**

Член 46-ѓ

Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

Младинските центри се основаат во соработка меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и младинските форми на организирање регулирани со законските и подзаконските акти.

**Службеник за млади**

Член 46-е

Општина Гази Баба е должна да определи службеник за млади - лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.

Службеникот за млади од ставот (1) на овој член изготвува годишен извештај за работата на Општина Гази Баба од делокругот на млади кој го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб страницата на Општина Гази Баба.

Контакт информациите за службеникот за млади од ставот (1) на овој член се јавно достапни преку гласилата на општината и на веб страницата на општината. "

**Член 4**

По член 46-е се додава наслов и нов член "46-ж" кој гласи.

"Финансирање

Член 46-ж

Од Буџетот на Општина Гази Баба за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво."

**Член 5**

Се овластува статутарно-правната комисија да утврди пречистен текст на Статутот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1873/4**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф"
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/3
Од 06.04.2022 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/21, 1/22 и 3/22), во точка "IV.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)" потточка 5.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште, раздел 5.2 Планирани трошоци за реализација на подпрограмата Ф.А расходи за 2022 година, табеларниот преглед се менува и гласи:

5.2 ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА Ф.А. РАСХОДИ ЗА 2022Г.

| Категорија | Ставка | Основна ставка | Подставка | Оддел | Видови на расходи | БУЏЕТ НА ОГБ ФА | РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ | БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ | БУЏЕТ НА РМ | ДОНАЦИЈА | СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | извори на финасирање во МКД | | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 48 | | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **254.670.000,00** | **вкупно останати расходи 224.378.000,00** | | | | | | |
| | 481 | | | | **градежни објекти** | | | | | | | | |
| | | 4812 | | | | | | | | | | | |
| | | | 4812 10 | | **Подготовка на објекти за деловни објекти** | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | 482 | | | | **ИЗГРАДБА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ** | **252.670.000,00** | **72.228.000,00** | **11.000.000,00** | **30.000.000,00** | **105.000.000,00** | **6.150.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | 4821 | | | **Улици ,патишта,тротоари и пешачки површини** | 88.250.000,00 | 57.228.000,00 | | | | | | |
| | | | 4821 10 | | **Изработка на проекти и ревизија** | 4.450.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | изработка на проектна техничка документација за улици и паркинзи во Триангла. | 600.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | изработка на проектна документација за пешачки патеки на територија на општина Гази Баба | 0,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 3 | Проект за улици во руралните населени места кон земјоделските површини | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | изработка на проектна техничка документација за улици Стајковци (пат до Камник) (геомеханички истражувања и проект за пат) | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | изработка на проектна техничка документација за улица 6 (од Стајковци до клучка на обиколница пред Арачиново) | 200.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | изработка на проектна техничка документација за улица околу гробишта Камник - Ченто | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7 | изработка на пешачко велосипетска патека од н.м.Трубарево до н.м.Идризиво | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 8 | изработка на проекна документација за улици по склучени договори и улици предвидени од развојни програми со конструктивно армирано бетонски елементи | 200.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | изработка на проекна документација за паркинзи во н.Автокоманда | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 10 | проекна документација за реконструкција на ул.Перо Наков | 800.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 11 | проекна документација за пешачка патека по регионален пат Р1102 | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 12 | проекна документација за пешачка патека по регионален пат Р1104 | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 13 | проекна документација за катна гаража во н.м.Ченто | 250.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 14 | проектирање на други улици и патишта на територија на Општина Гази Баба согласно приоритети утврдени од советниците и од склучени договори со инвеститори | 300.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4821 20 | | **Изградба на улици и патишта** | 18.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Изградба , реконструкција и одржување на дел од булевар Александар Македонски со улица Пролетна Офанзива во н. Хиподром-2 | 0,00 | 5.000.000,00 | 10.000.000,00 | | | | | |
| | | | | 2 | Изградба на новопроектирана улица Н 11 и Н 4 во нм Керамидница | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | Изградба на други улици, патишта и паркинзи по склучени договори со инвеститори на територија на Гази Баба | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | изградба на улица Јордан Пиперката | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација (билборди, сообраќајни знаци, улични препреки, бележење на улици и др.) и 30 лежечки полицајци | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | изградба на сервисни улици со комплетна инфраструктура во комплекс ИСТ ГЕЈТ прва фаза во 2 години | 0,00 | 42.228.000,00 | | | | | | |
| | | | | 7 | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во Хиподром2 | 0,00 | 10.000.000,00 | | | 53.000.000,00 | | | |
| | | | | 8 | изградба на пристапна улица со комплетна инфраструктура на дел кај комплекс Космос | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | изградба на пристапна улица со комплетна инфраструктура комплекс Саник | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | изградба на патна и комунална инфраструктура во индустриска зона "Заобиколница" | 5.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4821 30 | | РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА на улици, патишта и паркинзи | 54.800.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | улица Ордан Попјорданов заедно со атмосферска канализација и тротоари | 3.800.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **2** | улици во Трубарево по изведена фекална канализација (ул.2,22,краци на ул.1, ул.24, ул.6 и ул.9) | 6.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **3** | улица 519 во н.м. Керамидница | 0,00 | | 1.000.000,00 | | | | | |
| | | | | **4** | улици во населени места-Инџиково и Економија (Х.Жефаровиќ и др) | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **5** | Одржување и санација на улици со надградба и крпење на ударни дупки на територија на општина Гази Баба плаќања | 14.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **6** | рехабилитација на други улици, патишта и паркинзи на територија на општина Гази Баба согласно усогласена приоритетна листа од советници (Палмиро Тољати, | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **7** | Зимско одржување на улици за 2 години (прераспределба) | 14.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **8** | ревитализација на улици во н.м.Јурумлери, Гоце Делчев, Трубарево | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | **изградба и санација на тротоари пешачки патеки и други површини** | 11.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **1** | Изградба делници од тротоари во населените места Јурумлери, Колонија и Идризово | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **2** | изградба на други тротоари и пешачки површини по приоритетна листа на советници | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **3** | санација на постоечки тротоари на територија на општина | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **4** | изградба на пешачко велосипетска патека од Мерцедес до Јурумлери 1 фаза | 3.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **5** | изградба на пешачки патеки во н.м.Железара | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **6** | изградба на пешачка патека крак на А.Барбис и други улици во н.Триангла | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | **4823** | | **Пречистителни станици и канализациони системи** | | 81.220.000,00 | 0,00 | | | | | | |
| | | | 4823 10 | **проектирање** | | 3.720.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Изработка на Проектна документација за препумпни станици на канализациони мрежи | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | Проектна документација за канализација за населените места од Ергеле до Дрма од километар | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | Проекти за независни канализации со пречистителни станици за н.м. Црешево, Булачани, Раштак, Виниче и Брњарци за 4000 е.ж | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | проектна документација за изградба и реконструкција на атмосферска канализација за нас. Јане Сандански 4500м | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | изработка на проектна документација за атмосферска канализација Инџиково и отворени канали во Инџиково | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | Проектна документација за пречистителни станици за фекална канализација за населените места; | | | | | | | | |
| | | | | 7 | Трубарево и Гоце Делчев 4000 е.ж | 870.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 8 | Идризово 1500е.ж за фекална канализација | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | проектна документација за атмосферска канализација за нм Економија покрај Р 102 | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 10 | Проектна документација за атмосферска канализација за ул. Сава Михајлов | 200.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 11 | Проектна документација за фекална канализација за ул. Сава Михајлов | 200.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 12 | Проектирање на други канализациони објекти | 100.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 13 | проекна документација за поврзување на канализација ул.Товарник со ул.М.А.Ченто (убод со водовод) | 50.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 14 | проектна документација за изградба на канализациона мрежа од сува чешма до последна 65 во н.м.Инџиково (игралиште) | 100.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 15 | Проектна документација за атмосферска канализација на улица Разлошка и Никола Киров Мајски | 150.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 16 | Проектна документација за фекална канализација на улица Арни Барбис со крак | 100.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4823 20 | | **Изградба на канализациони системи** | 76.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **1** | Изградба на фекална канализација во н.м.Трубарево и Чукур Маало четврта фаза | 10.000.000,00 | 0,00 | | | | | | |
| | | | | **2** | Изградба на фекална канализација во н.м.Гоце Делчев трета фаза | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **3** | Изградба на фекална вакуумска канализација со проширување на постоечките краци и изградба на приклучоци до корисниците во н.м.Јурумлери плаќања | 5.000.000,00 | | | | 52.000.000,00 | | | |
| | | | | **4** | Управување и одржување на фекална вакуумска канализација во н.м.Јурумлери | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **5** | Изградба на атмосферска канализација во нм Јане Сандански | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | **6** | Изградба на спој на атмосферска со канал на ул Јужноморавски и Сречко Пужалка | 0,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **7** | Изградба на фекална канализација во н.м.Црешево втора фаза | 20.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **8** | Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за комунални отпадни води во н.м.Смилковци | 13.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **9** | Изградба на приклучоци на секундарна фекална канализација во долж од 600м во н.м.Смилковци | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **10** | Изградба на други канализациони мрежи согласно склучени договори | 2.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **11** | Изградба на атмосферска и фекална канализација на станбени улици во блок 3 СИ 04 во индустриска зона-спроти Мерцедес во нас. Маџари-со комплетна подземмна инфраструктура | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | **12** | изградба на атмосферска и фекална канализација во с.Страчинци, втора фаза | 700.000,00 | | | 30.000.000,00 | | | | |
| | | | | **13** | изградба на атмосферска канализација на ул.516 во Керамидница | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | **14** | изградба на атмосферска канализација на ул.П.Тољати со сите краци | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | **15** | изградба на фекална канализација во стариот дел на Хиподром 2 | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | **16** | изградба на отворен канал за атмосферски води на ул.6 Антон Велковски прва фаза плаќања | 7.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4823 30 | | **ревитализација и рехабилитација на канализациона мрежа** | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | ангажирање на механизација за реконструкција на инфраструктурни објекти | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | ревитализација и рехабилитација на канализациони системи | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | 4824 | | | **Изградба на депонии за отпад** | 0,00 | | | | | | | |
| | | | 4824 10 | | **Проектирање на депонии за отпад** | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | 4824 20 | | **Изградба на депонии за отпад** | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | | ангажирање на механизација за чистење на диви депонии | 0,00 | | | | | | | |
| | | 4827 | | | **Капацитети за водоснабдување** | 14.100.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | **проектирање на водоводна мрежа** | 1.300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Проекти за секундарни водоводни мрежи во н.м. Страчинци | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | Проектирање на други водоводни мрежи и системи | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | Проектирање на акумулации за наводнување | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | Проектна документација за водоводна мрежа за станбени улици во блок 3 СИ 04(спроти Мерцедес) | 100.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | проекна документација за експлатација на водата од бунарите од Раштак, Булачани, и Брњарци со сите хидротехнички објекти | 400.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | **изградба** | 2.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4827 20 | 1 | изградба на водоводна мрежа во ниска зона во с.Раштак и приклучоци | 500.000,00 | | | | | | | 0,00 |
| | | | | 2 | Доизградба на водовод и во населба Камник (спој со ул. Товарник-1) | 0,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 3 | водоводна мрежа во нм Ченто-новопроектирана крак на Жегљане | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | изработка на вододна мрежа во нас. Хиподром2 стар дел | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | Изградба на објекти за подобрување на водоснабдување во Страчинци | 0,00 | | 0,00 | | | | | |
| | | | | 6 | Изградба на други водоводни мрежи и објекти на водоводните системи согласно потпишани договори | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.2 во н.м.Јурумлери-Дунек | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 8 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.5 во н.м.Јурумлери | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | изградба на водоводна мрежа на крак на ул.1 во н.м.Идризово | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 10 | Изградба на водоводна мрежа на станбени улици во блок 3 СИ 04 во индустриска зона-спроти Мерцедес во нас. Маџари-со комплетна подземмна инфраструктура втора фаза | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 11 | вградување на оглрлици на постоечки и новоизградени водоводни линии | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | | **ревитализација на водоводни системи** | 10.300.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4827 30 | 1 | ревитализација и зафати на каптажа и шахти за таложење и замена на филтри во Раштак и Булачани | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | ревитализација на водоводни линии на краци од Сава Михајлов од 2-12 | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | ревитализација на водоводна мрежа во висока зона нм Автокоманда | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | ревитализација на други водоводни мрежи и објекти на водоводните системи | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | замена на азбесни цевки за водоснабдување на територија на општина Гази Баба плаќања | 7.300.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 4829 | | | **Изработка на други објекти и проекти** | 69.100.000,00 | 15.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | | | | |
| | | | **Проекти** | | | 8.800.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | проекти за уредување на канали во сливот на Скопска Црна Гора | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 2 | изработка на проект за одводнување на ул1 во н.м.Булачани | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 3 | проект за уредување на речни корита и канали | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 4 | Изработка на Проекти за други објекти на општина Гази Баба(физибили студија и идеен проект за топловодна мрежа за н.м.Ченто, Сингелиќ и Стајковци) | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | Ревизија на проекти | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | Проектна документација за фискултурна сала за н.м.Булачани | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7 | Проектна документација за спортска сала за н.м.Цреушево | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 8 | проектна документација за детска градинка Инџиково | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | проектна документација за детска градинка Керамидница | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 10 | проектна документација за детска градинка Трубарево | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 11 | проектна документација за детска градинка Ченто | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 12 | проектна документација за спортски центар Црешево-Стајковци | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 13 | елаборати за геомеханички истражувања | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 14 | проекна документација за гасификација на урбаниот дел на Општина Гази Баба | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4829 20 | | **Изградба на други објекти** | 56.300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Изградба и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 3.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | **Изработка на игралишта со тартан подлога** ( од 13мм дебелина , 10мм дебелина лиена црна SBR гума и 3мм шприцена црвена EPDM гума, обележана со PU бела боја) | 5.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 3 | Изградба на детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема и мини спортски игралишта на територија на ОГБ | 5.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ ( месни заедници, училишта, градинки и други воспитно образовни објекти) | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 5 | Изградба на други објекти | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 6 | Изградба на спортски центар Цршевo-Стајковци | 0,00 | 15.000.000,00 | | | | | | |
| | | | 7 | Изградба на фискултурна сала во н.м.Стајковци- фаза електрика, водовод и канализација и машинство | 2.100.000,00 | | | | | | | |
| | | | 8 | Изградба на фискултурна сала во н.м.Стајковци- втора фаза плаќања | 7.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 9 | изградба на монтажен паркинг во н.Автокоманда | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 10 | Вршење на стручен надзор над изградба на детска градинка во н.Керамидница | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | 11 | Вршење на стручен надзор над изградба на вакуумска канализација во н.м.Јурумлери | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 12 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна инфраструктура и објекти од високоградба , спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи | 2.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација од хидротехнички инсталации | 2.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 14 | Изградба на фискултурна сала н.м.Булачани | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 15 | Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100метри преку делумно уредување на каналот во село Сингелиќ ОГБ 2 фаза | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 16 | Вршење стручен надзор над изградба на општинска зграда | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 17 | детска градинка- дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост втора фаза | 1.700.000,00 | | | | | 6.150.000,00 | | |
| | | | | 18 | центар за сензорна интеграција | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 19 | Детска градинка Керамидница | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 20 | Гасификација на територија на Општина Гази Баба | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4829 30 | | **Ревитализација** | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња , мини спортски игралишта и јавни површини | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| | 485 | | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | 2.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | 4854 | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4854 10 | | Откуп на земјиште (експроприација) | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | надомест за одземен имот | 0,00 | | | | | | | |
| | | | 4854 20 | 1 | Надомест -обештетување на лица или правни субјекти, за ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 1.000.000,00 | | | | | | | |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1873/5**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/4**
**Од 06.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/20 и 7/20), Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ ВО ПРОЕКТ: "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"**

**Член 1**

Во Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект:"Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/20), во членот 2 износот "11.800.000,00" се заменува со износот "13.500.000,00".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1873/6**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/5**
**Од 06.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (18) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот на министерот за труд и социјална политика за член во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-1741/1 од 25.03.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

За претставник од министерство за труд и социјална политика во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- КРИСТИЈАН ТАСЕВСКИ.**

### Член 2

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

### Член 3

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17).

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1873/7**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИМЕТО "ГАЗИ БАБА", ВО ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАВЕН СУБЈЕКТ

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за користење на името "Гази Баба", во постапка за основање на правен субјект, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 05.04.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2010/6**
**Од 06.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 9 став (2) од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по барањето на Јовица Николовски од Скопје, бр.09-1770/1 од 28.03.2022 година, Советот на Општина Гази Баба на Десеттата седница одржана на 05.04.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИМЕТО "ГАЗИ БАБА", ВО ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАВЕН СУБЈЕКТ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за користење на името "Гази Баба", во постапка за основање на правен субјект, врз основа на барање бр.09-1770/1 од 28.03.2022 година.

**Член 2**

Согласноста од член 1 на оваа одлука, се однесува исклучиво и само за да послужи при регистрација и запишување на правниот субјект во регистарот што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија или да послужи во постапка пред други надлежни органи.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1873/8**
**од 05.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

## СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица од општа надлежност "Гази Баба", за првата половина од 2021 година . . . . . 2

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба . . . . . 4

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година . . . . . 9

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци"; . . . . . 25

**ОДЛУКА** за именување на претставник од министерство за труд и социјална политика, во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 27

**ОДЛУКА** за давање согласност за користење на името "Гази Баба", во постапка за основање на правен субјект . . . . . 29



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 04/22**
**10 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**e-mail: contact@gazibaba.gov.mk** **http://www.gazibaba.gov.mk**